# З А П И С Н И К

## од 34 тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 24.06.2024 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите 15 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од општинските служби на Општина Валандово.

За 34 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 11 точки и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово;
2. Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово;
3. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година;
4. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2025 година;
5. Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2025 година;
6. Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2024/2025 година;
7. Одлука за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис” Валандово;
8. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
9. Одлука за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности;
10. Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година;
11. Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година.

Процедурално се јави за збор Тоше Тодоров. Рече дека дополнувањето на дневниот ред беше ставено во последен момент и советниците немаа доволно време за разгледување. Бидејќи точките се поврзани со одобрување на големи средства потребно е повеќе време за разгледување.

Градоначалникот даде одговор дека дополнувањето беше најавено уште кога се испрати материјалот, а сега само се дополни со материјал за дополнителните точки. Рече дека од февруари немаме одобрување на средства поради изборниот законик и се додека не се формира Влада, а тоа се случи сега и сега се пратени материјалите за тие точки. Сите средства кои се одобрени на Здруженија на граѓани се според нивните програмски активности, додека за ЈП Комунален сервис Валандово најавено е да се превземе долгот на ЈП за да се растерети истото. Одлуката за субвенционирање на родителите на деца кои ќе бидат запишани во

прва година средно образование исто така беше најавена. Во месец април немаше седница на Совет и тоа ќе се надомести во месец јули .

После ова дневниот ред беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по записникот од 33 рата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Информацијата за користење на средства за еднократна парична помош на граѓаните образложение имаше Стефан Димитров.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Ивана Готиќ. Рече дека оваа Одлука е за поздравување и додаде дека во Марвинци изминатиот период од пожарот кој го зафати атарот на селото изгореа 2 објекти и се надева дека на тие семејства ќе им се помогне.

Стефан Димитров одговори дека од сопствениците веќе барања се поднесени и Комисијата истите ќе ги разгледува и ќе решава по нив.

Друг никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово беше отворена расправа.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Годишниот план за вработување на ООУ,,Јосип Броз Тито,, Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека на претходната седница на Комисијата за општествени дејности за сите 3 образовни институции имаше планирано 5 нови вработувања, а сега се 7 и зошто кога се намалуваат учениците се бараат нови вработувања. Рече дека сега средствата се добиваат од Министерството за образование и наука, но откако ќе се премине во втората фаза на децентрализацијата самата општина треба да ги финансира училиштата. Од каде тогаш општината ќе најде средства за сите овие вработувања.

Процедурално со реплика се јави градоначалникот Перо Костадинов. Рече дека материјалите за Годишниот план се исти и ги имавме од претходната седница, а процесот на децентализација за општината ќе значи поголема фискална моќ и многу поголеми ингеренции над институциите кои сега 13 години се под централно ниво ќе преминат под локално ниво.

Тоше Тодоров се јави со контрареплика и рече дека проблемот ќе биде во финансирањето на овие вработувања.

Градоначалникот од советникот побара да се посочи каде се промените во материјалите и дека овие вработувања се строго определени законски и според систематизацијата и сите се финансирани од централната власт.

Немаше други пријавени за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Годишниот план за вработување на ООУ,, Страшо Пинџур,, Јосифово, образложение имаше директорот на училиштето Антонио Дилберов. Рече дека училиштето планира 2 нови вработувања во 2025 година од кои едното е хигиеничар за спортската сала и еден благајник.

Немаше други пријавени за дискусија па точката беше ставена на гласање и и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Годишниот план за вработување на СОУ,, Гоце Делчев,, Валандово, образложение имаше директорката на училиштето Ташка Гетова. Рече дека училиштето планира едно вработување во 2025 година кое ќе се ослободи по основ на пензионирање.

Немаше други пријавени за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог-Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2024/2025 година, немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог -Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека не е спорно дека треба да се помогне на ЈП што истото и советничката група на ВМРО ДПМНЕ го предложи, но рече дека овие се многу средства, 16 000 000 денари на 24 месечни рати. 660 000 денари изнесува месечната рата. Тоа значи дека овие рати треба да се исплаќаат и по завршувањето на мандатот на градоначалникот и се пренесуваат обврски и на наредниот кандидат.

Градоначалникот зема збор. Рече дека ова е долгорочен план кој беше направен со цел да не се користи ЈП со неговиот долг да се критикува од страна на советниците на ВМРО ДПМНЕ на секоја седница. Побара од нив да ги прашаат сите други 80 ЈП кои ги зголемија цените и до 100%.

Тоше Тодоров се јави за контрареплик. Рече дека се работи за одобрување на големи средства, но ЈП Комунален сервис и после 24 месеци пак ќе го има овој проблем. Општината повторно ќе треба да плаќа. Праша дали со покачување на цените на услугите ЈП ќе ги врати средствата на Општината, сигурно не.

Градоначалникот праша како е можно ЈП да враќа средства кога тоа превзема нови ингеренции секоја година. Рече дека веднаш треба да се престане со таквата дискусија и посочи дека ЈП е формирано за граѓаните. Рече дека сите општини имаат потпишано спогодби за надминување на долгови, некои дури 60 рати, бидејќи имаат многи поголеми долгови и му сугерираше на советникот да праша колку се цените на услугите во другите општини.

Тоше Тодоров одговори дека не го интересира колку плаќаат другите општини.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог-Одлуката за измена на распредеот на средствата во Општина Валандово образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог –Одлуката за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности и тоа на :

ООЦрвен крст Валандово во износ од 30 000 денари;

ЗГ Полифонија Јосифово, Валандово во износ од 90 000 денари;

ЗГ Бојмиски ноќи Валандово во износ од 90 000 денари;

Хид Бах Шен Фест во износ од 200 000 денари;

ФК Победа во износ од 90 000 денари;

ФК Ударник во износ од 90 000 денари;

ЖФК Победа во износ од 90 000 денари;

УСК Валандово во износ од 50 000 денари;

КФМ Проект во износ од 90 000 денари;

КУД Гоце Делчев Валандово во износ од 90 000 денари;

КУД Младост Јосифово во износ од 60 000 денари;

Ансамбал Распеани валандовчани во износ од 70 000 денари.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 10

По Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година образложение имаше Анита Трајкова, вработена во општинската админисрација во одделението за урбанизам и комунални дејности.

Беше отворена расправа.Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 11

По Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година повторно образложение имаше Анита Трајкова.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и бидејќи немаше советнички прашања, седницата беше заклучена.

Записничар<br>С.Христова Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков